Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# УСЛОВИ
# ЗА КОМБИНИРАНО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ ВО ДОМАЌИНСТВО

**март, 2023 година**

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

[1] Предмет на осигурување по овие Услови се:

1) **Станбени објекти** - станови и индивидуални куќи, како градежни објекти со вградена електрична, топловодна, водоводна и канализациона инсталација, кои служат за живеење (во понатамошниот текст: станбени објекти). Станбените објекти можат да бидат населени и ненаселени (викендици). За населен стан се смета стан во кој осигуреникот има постојано живеалиште, а кој е без прекин населен најмалку 270 дена во текот на дванаесет месеци.

2) **Предметите во домаќинството** кои се наоѓаат во осигурениот станбен објект, се сопственост на осигуреникот, односно се сопственост на членовите на неговото семејно домаќинство.

Како предмети во домаќинството се сметаат:

- предметите кои служат за уредување на станот (мебел, машини,бела техника и апарати за домаќинство и мали ќукни апарати);
- облеката и предметите за лична употреба;
- животни намирници(прехрамбени артикли и продукти).

За предмети во домаќинството се сметаат и:

- готови пари (осигурани се само за провална кражба и разбојништво);
- уметнички предмети (осигурани се само за провална кражба и разбојништво);
- хартии од вредност (осигурани се само за провална кражба и разбојништво);
- скапоцености и збирки (осигурани се само за провална кражба и разбојништво);
- огради (ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија);
- сателитски антени (ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија);
- сончеви колектори (ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија);
- фотоволтаични колектори (ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија).

3) **Одговорност** за штети причинети спрема трети лица;

4) **Трошоците:**

- за нужно сместување на осигуреникот и членовите на неговото семејно домаќинство;
- за нужна преселба;
- за повторно изработување на оштетените или уништените документи;
- за промена на брава поради изгубени или заклучени клучеви.

5) **Стаклата** на прозорците и вратите на станбениот објект;

6) **Стаклата** на застаклени балкони и плексиглас;

7) **Стаклата** на туш кабини, стаклени маси, огледала и витрини од стакло**;**

8) **Санитарии.**

[2] Осигурени се само предметите што се назначени во избраниот пакет.

[3] Ако е посебно договорено и е платена дополнителна премија предмет на осигурување можат да бидат и:

1.огради;
2.сателитски антени;
3.сончеви колектори;

4. фотоволтаични колектори.

[4] По овие Услови предмет на осигурување не можат да бидат:

1.моторни возила, велосипеди со помошен мотор, електрични тротинети и други слични превозни средства, приколки и сите видови пловни објекти;
2.работни машини, алат, резерви на материјали и стоки кои служат за вршење на занаетчиска и друга дејност;
3.необработени благородни метали и необработени скапоцени камења;
4.оружје и муниција без дозвола за неговата употреба;
5.предмети во приколки и шатори;
6.животни;
7.предмети кои не се сопственост на осигуреникот и на членовите на неговото семејно домаќинство, односно предмети кои осигуреникот и членовите на неговото семејно домаќинство ги имаат на користење по било кој основ.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

**Член 2**

[1] Осигуреникот може да бира осигурување за ризиците опфатени во еден од следниве пакети:

1) **ХАЛК ОСНОВЕН ПАКЕТ**- нуди покритие од пожар, удар на гром, експлозија, луња, град, паѓање на воздушни летала, манифестација и демонстрација, излевање на вода од водоводни и канализациони инсталации и од уреди и цевки од топловодни инсталации (тесно покритие), удар на сопствено моторно возило, провална кражба и разбојништво, трошоци за нужно сместување и одговорност (тесно покритие);
2) **ХАЛК СТАНДАРДЕН ПАКЕТ**- нуди покритие од ризиците што се опфатени во основниот пакет плус следните ризици: излевање на вода од водоводни и канализациони инсталации и од уреди и цевки од топловодни инсталации (широко покритие), поплава, порој и високи води, снежна лавина, лизгање и одронување на земјата, кршење на стакло на прозорците и вратите на станбениот објект, одговорност (пошироко покритие);
3) **ХАЛК ПЛАТИНУМ ПАКЕТ**- нуди покритие од ризиците што се опфатени во стандардниот пакет плус следните ризици: излевање на вода од аквариум, тежина на снег, атмосферски води, удар на непознато моторно возило, удар од паѓање на дрво, вандализам, кршење на стакла на застаклени балкони, плексиглас, кршење на санитарии, трошоци за принудна преселба, трошоци за повторно изработување на уништените документи, изгубени и заклучени клучеви, , стаклата на туш кабини, стаклени маси, огледала и витрини од стакло, одговорност (најшироко покритие).

[2] Во случај на настанување на штета од ризиците опфатени од било кој пакет на осигурување, овие Услови ги покриваат и трошоците:

1. за чистење, рушење и одвезување поврзани со настанатиот штетен настан до износ од 3 % од сумата на осигурување на објектот по штетен настан;
2. настанати поради интервенција на противпожарните бригади во осигурениот објект или во соседни објекти до износ од 3 % од сумата на осигурување на објектот по штетен настан;
3. Ако посебно се договори и е платена дополнителна премија, осигурувањето ја покрива и штетата на осигурените предмети предизвикана од земјотрес.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР

**Член 3**

[1] Како пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган настанат вон местото определено за палење и оган кој ова место го напуштил и може понатаму да се развива со својата сопствена сила.

[2] Не се смета дека настанал пожар и осигурувачот не е во обврска да надомести штета:

1) ако осигурениот предмет е уништен поради изложување на корисен оган или топлина заради обработка или во други цели (на пример при пеглање, сушење, пржење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка, шпорет и сл.);
2) ако на осигурениот предмет настане штета со осмадување, опржување или со подгорување од цигари, пура, направа за осветлување електричен греач, жар и сл.;
3) ако настане штета на осигурениот предмет поради самозапалување, вриење или загревање, варење, димење и сл.;
4) ако бидат уништени или оштетени осигурени електрични машини (вклучувајки апарати за готвење, пеглање, греење, радиоапарати, телевизиски приемници, лампи, сијалици и сл.) или електрични водови поради дејство на електрична енергија, пренапон или загревање поради преоптоварување, атмосферско влијание и слични појави. Меѓутоа, опфатени се и штети од пожар кој би настанал од дејство на електрична енергија и кој после престанувањето на тоа дејство самостојно се развивал;
5) ако поради пренапон или прејака струја бидат оштетени заштитните осигурувачи од било кој

вид, заштитни прекинувачи, одводници, громобрани и слични уреди за време на вршењена нивната нормална функција.

[3] Осигурувањето не ја покрива штетата поради нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација.

[4] Во случај на настан на штета осигуреникот мора:

6) да повика противпожарна бригада со цел гасење на пожарот и намалување на последиците од истиот, полиција и да ги пријави оштетените или уништените предмети и
7) да го информира осигурувачот веднаш, а најкасно во рок од 3 дена по настанувањето на штетата и да му ги даде сите информации и докази кои се потребни за определување на причината, обемот и висината на штетата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД УДАР НА ГРОМ

### Член 4

[1] Осигурувањето од опасност од удар на гром, во смисла на овие Услови, ги покрива штетите предизвикани од дејство на сила или топлина на гром (директен удар) и штетите од директен удар на предмети што ги срушил громот.

[2] Осигурувањето не ги опфаќа штетите предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови како последица на удар на гром.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЕКСПЛОЗИЈА

### Член 5

[1] Како експлозија, во смисла на овие Услови, се смета ненадејно појавување на сила заснована на тежнение на пара или гасови за проширување.

[2] Експлозија на садови (казани, цевки, печки и сл.) постои само тогаш кога зидовите на садот се во толкава мерка искинати што настанува моментално изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.

[3] Со осигурувањето не се опфатени штетите:

1) што се последица на намалување на притисокот на садот(имплозија);
2) од минирања што се вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица;
3) од експлозија од биолошки карактер;
4) од нуклеарна експлозија;
5) поради експлозивно издувување на печки и слични уреди;
6) од експлозија која настанала како резултат од дотраеност, појава на истрошеност или стареење, макар и прерано доколку употребеноста е видлива, или од прекумерна наслага на `рѓа, каменец, талог и тиња на осигурените предмети, но се исплатува надомест на штета во случај на оштетување на другите предмети во врска со настанатата експлозија.-

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛУЊА

### Член 6

[1] Како луња, во смисла на овие Услови, се смета ветар кој што дува со брзина од најмалку 17,2 метри на секунда, односно 62 км на час и со јачина од најмалку 8 степени по Бофоровата скала.

[2] Ќе се смета дека дувал ветар со оваа брзина и јачина во крајот каде се наоѓаат осигурените предмети, ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро одржувани градежни објекти. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже јачината на ветерот со извештај од Хидрометеоролошката служба.

[3] Штетите од луња се опфатени со осигурувањето само ако се предизвикани механички оштетувања на предметот на осигурување :

1) со непосредно дејство на луњата;
2) со директен удар на соборени или носени предмети од луњата;

[4] Со осигурувањето не се опфатени штетите:

3) од навлегување на дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозорец или други

отвори што постојат во станбениот објект или се настанати поради лоша конструкција, неквалитетно изведени градежни работи, освен ако отворите настанале од луњата;

4) од дожд и други врнежи на предметите за домаќинството што се наѓаат на слободен простор или во коли за превоз на предмети или преселување;
5) на предметите во градежен објект и самиот градежен објект кој не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место или кој е слабо одржуван или е дотраен.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ГРАД

**Член 7**

[1] Со осигурувањето се опфатени штетите од уништување, односно оштетување на осигурените предмети што се предизвикани од удар на градот.

[2] Со осигурувањето не се опфатени штетите:

1) од навлегување на дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат во станбениот објект или се настанати поради неквалитетно изведени работи на градежни работи, освен ако отворите настанале од удар на град;
2) од дожд и други врнежи на предметите за домаќинството што се наоѓаат на слободен простор или во коли за превоз на предмети или преселување;
3) на предметите во градежен објект и самиот градежен објект кој не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место или кој е слабо одржуван или е дотраен.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПАЃАЊЕ НА ВОЗДУШНИ ЛЕТАЛА

**Член 8**

[1] За паѓање на воздушни летала според овие Услови се смета кога воздушното летало (моторно летало и едрилици, балон, ракета, делтаплан, падобранец, дрон и сл.) ќе падне на осигурените предмети или ќе удри во нив. За воздушни летала не се сметаат разни пиротехнички средства.

[2] Се смета дека настанала штета од паѓање на воздушни летала кога воздушното летало, неговите делови или предметите што ги превезува ги оштетиле или го уништиле предметот на осигурување

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД МАНИФЕСТАЦИЈА И ДЕМОНСТРАЦИЈА

**Член 9**

[1] Во смисла на овие услови манифестација, односно демонстрација и протест е организирано јавно или спонтано изразување на расположението и желбите на група луѓе, ако настанот претходно уредно е пријавен од организаторите пред надлежните владини органи.

[2] Осигурувачот е во обврска за надомест од осигурувањето ако манифестантите, односно демонстрантите, учесниците во протестот на било кој начин ги оштетиле или уништиле предметите на осигурување.

[3] Во случај на настанување на штета осигуреникот мора:

1) да повика полиција и ги пријави оштетените или уништените предмети и
2) да го информира осигурувачот веднаш, а најкасно во рок од 3 дена по настанувањето на штетата и да му ги даде сите информации и докази кои се потребни за определување на причината, обемот и висината на штетата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД УДАР НА МОТОРНО ВОЗИЛО

**Член 10**

[1] Осигурувањето ја покрива штетата што ќе настане поради директен удар на сопствено моторно возило во предметот на осигурување.

[2] Ако е склучено осигурување за ризиците од платинум пакет, осигурувањето ја покрива и штетата од директен удар на непознато возило во осигурените предмети. За непознато возило,

според овие Услови, се смета возилото кое после настанување на штетата побегнало и не може да му се утврди идентитетот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД УДАР НА ПАЃАЊЕ НА ДРВО

### Член 11

[1] Осигурувањето ја покрива штетата што ќе настане на предметот на осигурување поради директен удар од паѓање на дрво од било која причина.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА ОД ВОДОВОДНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ ЦЕВКИ

### Член 12

[1] Излевање на вода од водоводни и канализациони цевки се смета неочекувано излевање на вода од водоводни и канализациони цевки, од уреди за греење на простории со топла вода и пареа, како и од апарати и уреди кои се приклучени на водоводна мрежа (машини за перење на алишта, машини за миење на садови, климатски уреди и сл.), поради кршење или прскање на тие цевки, односно грејни тела и уреди.

[2] Ако е склучено осигурување за ризиците од основниот пакет, осигурувањето ја покрива штетата поради излевање на вода од сопствените инсталации на осигурениот објект:

1) настаната на подвижните предмети на домаќинството и
2) штетата на подните подлоги, молерисување и тапети (тесно покритие).

[3] Ако е склучено осигурување за ризиците од стандардниот пакет осигурувањето покрај покритието од основниот пакет ја покрива и:

1) штетата на осиграниот објект и предметите на домаќинството од излевање на вода од заедничките инсталации;
2) штетата на осиграниот објект и предметите во домаќинството од излевање на вода од станови над и до осигурениот стан;
3) трошоците за санирање на настанатата штета, вклучувајки копање и трошоците за замена на самата цевка до износ од 200 ЕУР.

[4] Ако е склучено осигурување за ризиците од платинум пакет осигурувањето покрај покритието од стандардниот пакет ја покрива и:

1) штетата на осигурениот објект и предметите во него од излевање на вода од било кој стан во зградата,
2) штетата на осигурениот објект и предметите во него од отворени славини во било кој стан во зградата.

[5] Со осигурувањето не се опфатени штети:

1) од излевање на вода од дотраени казани, бојлери и сл.
2) од излевање на вода од отворени славини во станот на осигуреникот;
3) од габички поради влага;
4) поради загуба на вода;
5) од прскање на цевки поради мраз (замрзнување) настанато на самите водоводни и канализациони цевки и уреди, како и непреземање мерки за заштита од мраз од страна на осигуреникот;
6) настанати како последица на затнување запушување и неодржување на водоводната и канализационата мрежа уреди за греење со топла вода и парно греење;
7) настанати од оштетување при манипулација врз инсталациите (замена на славина, вентил, одзатнување и сл.);
8) поради слегување на тлото (улегнување) како последица од излевање на вода.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ИЗЛЕВАЊЕ НА ВОДА ОД АКВАРИУМ

### Член 13

[1] Осигурувањето ја покрива штетата настаната на осигурените предмети поради излевање на вода од аквариум.

[2] Излевање на вода од аквариум се смета неочекувано излевање на вода од аквариум поради

кршење на стаклото на аквариумот.

[3] Осигурувањето не ја покрива штетата што ќе настане на стаклото од аквариумот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

**Член 14**

[1] Со осигурувањето се опфатени штети (оштетување, уништување или однесување) на предметот на осигурување при извршување на провална кражба или при обид на провална кражба.

[2] Провална кражба, во смисла на овие Услови, се смета кражба ако нејзиниот извршител:

1) провали во заклучени простории во станбениот објект во кој се наоѓаат осигурените предмети со разбивање или обивање на врати и прозорци, односно провалување на таваници, ѕидови и подови;
2) ја отвори заклучената просторија во станбениот објект во кој се наоѓаат осигурените предмети со лажен клуч или со некое друго средство што не е наменето за редовно отворање;
3) провали во заклучено сместувалиште во станбениот објект во кој се наоѓаат осигурените предмети, ако до сместувалиштето дошол со едно од дејствијата кои по одредбите на овој член се квалификувани како провална кражба;
4) ги отвори заклучените простории во станбениот објект и сместувалиштето со вистински клучеви или со нивните дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствијата наведени во точка 1), 2), 3), 4) и 6) од овој член.
5) влезе во заклучени простории во станбениот објект преку отворот кој не е за тоа определен совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување без напор

[3] За провална кражба се смета и кражба на предмети на балкони и лоѓии, како и од станови на катови, ако во нив се влегува со скокање низ отворен прозор.

[4] Разбојништво, во смисла на овие Услови, се смета одземање на осигурени предмети со примена на сила, средства за присила или застрашување по животот или здравјето на осигуреникот или членовите на неговото семејно домаќинство.

[5] Осигурувачот е во обврска, во случај на извршена провална кражба, разбојништво или обид за провална кражба и разбојништво, на исплата на надомест од осигурувањето до лимитот на покритие назначен во полисата за осигурување, со исклучок на подолу наведените предмети за кои, во поглед на надоместокот, се применуваат следните одредби:

1) за готови пари до 500 евра во заклучен станбен простор, над 500 евра но не повеќе од 5.000 евра ако се заклучени во сместувалиште кое е обезбедено од провална кражба (ѕидани или анкерисани сефови) пријавени кај осигурувачот и платена дополнителна премија,
2) за скапоцености, накит, нумизматички или филателистички збирки до 1000 евра во заклучен станбен простор, над 1000 евра но не повеке од 5.000 евра ако се наоѓаат во сместувалиште кое е обезбедено од провална кражба (взидани или анкерисани сефови) пријавени кај осигурувачот и платена дополнителна премија;
3) за уметнички предмети до износ од 2 % од лимитот на покритие на предметите во домаќинството за поединечни предмети, а до 6 % од лимитот на покритие на предметите во домаќинството за колекција;
4) за предметите сместени во визба, таван и шупа во износ од 3% од лимитот на покритие на предметите во домаќинството;
5) штетите на осигурениот станбен објект (градежни делови, врати, брави, ѕидови) кои настанале поради извршување или обид на провална кражба, до висината на трошоците за поправка или замена, а најмногу до 3 % од сумата на осигурување на станбениот објект.

[6] Целокупниот надомест на штета од провална кражба не може да го надмине лимитот на покритие на осигурените предмети во домаќинството.

[7] Исплата на надомест од осигурувањето се врши во денарска противредност на ЕУР според средниот курс на Народна Банка на Р. С, Македонија на денот на настанување на штетата.

[8] Во смисла на овие Услови за провална кражба не се смета:

1) влегување низ отворен прозорец во ниско приземје (до висина 1,60 м., сметајќи од земјата до долниот раб на прозорецот);
2) ако провалната кражба ја извршило лице кое живее со осигуреникот во заедничко семејно домаќинство или во кражбата учествувало како соизвршител или соучесник.

[9] Во случај на настан на штета осигуреникот мора:

1) да повика полиција и да ги пријави оштетените или уништените предмети и
2) да го информира осигурувачот веднаш, а најкасно во рок од 3 дена по настанувањето на штетата и да му ги даде сите информации и докази кои се потребни за определување на причината, обемот и висината на штетата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДГОВОРНОСТ

### Член 15

[1] Со осигурувањето се покриени штети на трети лица како последица на штета што ќе настане кај осигуреникот од осигурените ризици наведени во член 2 за кои осигуреникот е одговорен до износ од 6.000 ЕУР по штетен настан (**тесно покритие**);

[2] Ако е склучено осигурување по **Халк стандарден пакет**, освен штетата опишана во став 1 на овој член, осигурувањето ја покрива и штетата причинета спрема трети лица што произлегува од сопственоста на станбениот објект и дворното место околу индивидуален станбениот објект (на пример паѓање на снег и мразулци од кров, лизгање и паѓање на трети лица на влажни и замрзнати површини) до износ од 8.000 ЕУР по штетен настан (**пошироко покритие**).

[3] Ако е склучено осигурување по **Халк платинум пакет**, освен штетата опишана во став 1 и став 2 на овој член, осигурувањето ја покрива и штетата причинета спрема трети лица:

1) поради употреба на велосипед и ролери од страна на осигуреникот и членовите на неговото семејно домаќинство на територијата на Р. С. Македонија,како и
2) од домашни миленици (мачки, кучиња и птици) во осигурениот стан и дворното место. Осигурувачот не е во обврска на надомест на штета причинета од кучиња од расите: American Staffordshire Terrier, Bullterrier, Pit Bull Terrier, Staffordshire Bullterrier, RotWeiler и Doberman, до износот од 10.000 ЕУР по штетен настан (**најшироко покритие**).

[4] За трети лица не се сметаат осигуреникот членовите на неговото семејно домаќинство.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПОПЛАВА, ПОРОЈ И ВИСОКИ ВОДИ

### Член 16

[1] Поплава во смисла на овие Услови се смета стихијно неочекувана поплава на терен од постојани води (реки, езера и др.) поради тоа што водата се излила од коритото или провалила одбрамбени насипи или брани, како и излевање на вода поради бранови со невообичаена сила.

[2] Со осигурувањето од поплава се опфатени само штетите предизвикани на осигурени предмети за време додека поплавата трае и непосредно после повлекувањето на водата.

[3] За порој се смета стихијна неочекувана поплава на терени од водена маса која се образува на стрмни терени поради силни и обилни атмосферски врнежи и се слева на улици и патишта.

[4] Со осигурувањето не се опфатени штети од:

1) габички поради влага;
2) поплава поради излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница(прокиснување);
3) слегување на тлото (улегнување) како последица од поплавата.
4) Поради вода која се излеала од канализациона мрежа освен ако до излевање дошло поради поплава.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЛИЗГАЊЕ НА ТЕРЕН

### Член 17

[1] Лизгање на терен, во смисла на овие Услови, се сметаат ненадејни геолошки движења на земјината површина на коси терени, со јасни манифестации на кршење на површината на тлото и урнувања кои, со појава на јаки деформации и широки пукнатини на градежни објекти, настануваат во кус временски период.

[2] Со осигурувањето од лизгање на терен не се опфатени:

1) штети од геолошко лизгање, ако тлото на кое се наоѓа градежниот објект веќе почнало геолошки да се лизга пред или во моментот на склучувањето на осигурувањето;

2) штети од лизгање на тлото предизвикани од дејност на човекот (на пример, поради засекување на тлото и сл.);
3) штети од слегување на тлото (улегнување) како последица од лизгање на тлото.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ОДРОНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ

### Член 18

[1] Како одронување, во смисла на овие Услови, се подразбира откинување и уривање на парче цврст материјал како геолошка појава.
[2] Се смета дека настанал осигурен случај од одронување на предметот на осигурување само тогаш ако парче од цврст материјал што се одронил, удрило во осигурениот предмет и го уништило или оштетило.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД СНЕЖНА ЛАВИНА

### Член 19

[1] Под снежна лавина, во смисла на овие Услови, се смета снежна маса во движење која се откинала од планинските страни.
[2] Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани од дејство на воздушниот притисок од снежната лавина.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ТЕЖИНА НА СНЕГ

### Член 20

[1] Осигурувањето ги покрива штетите на осигурените предмети настанати како последица:
1) на непосредното дејство на тежината на снегот;
2) од удар на предмети што паднале на предметот на осигурување поради тежината на снегот.
[2] Осигурувачот е во обврска за исплата на надомест на штета само во случај ако дебелината на новопаднатиот снег е повеќе од
25 см и тој настанал во период од 24 часа. Во случај на сомневање, осигуреникот мора да ја докаже дебелината на паднатиот снег со извештај од Хидрометеоролошката служба.
[3] Осигурувањето не ги покрива:
1) штетите поради лизгање на снегот низ кров и паѓање на мразулци;
2) штетите поради слабо одржување на станбениот објект;
3) трошоците за одстранување на снегот.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД АТМОСФЕРСКИ ВОДИ

### Член 21

[1] Осигурувањето ја покрива штетата на осигурените предмети од неочекувано и ненадејно навлегување на вода во внатрешноста од станбениот објект преку олуци и цевки за одвод на дождовница како последица од:
1) паѓање на големи и обилни количини атмосферски води( под обилни врнежи се сметаат врнежи со количина поголема или еднаква на 25,0 mm(l/m2)во текот на 24 часа, количината на врнежите се докажува со извештај од Хидрометеоролошката служба ) и
2) топење на мразот и снегот.
[2] Осигурувањето не ја покрива штетата:
1) поради дотраена и слаба хидроизолација;
2) поради влажност на темелите, дејствување на високи води или било какви долготрајни дејствувања;
3) поради недоволно одржување на објектот и системот за одвод на атмосферските води;
4) поради поплави, порои, лизгање на земјата;
5) поради дотраеност, истрошеност и корозија;
6) од габички поради влага;

7) поради слегување на тлото (улегнување) како последица од излевање на вода од олуци и цевки за одвод на дождовница;
8) на самите олуци и цевки за одвод на дождовница;
9) како последица на недовршени градежни, инсталациски или занаетчиски работи на станбениот објект.

[3] Осигурувачот не е во обрска за исплата на штета од атмосферски води ако осигуреникот не ги превзел сите мерки да го спречи повторното излевање на атмосферските води.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ВАНДАЛИЗАМ

### Член 22

[1] Осигурувањето ја покрива штетата од оштетување или уништување на осигурените предмети, предизвикана од вандалското дејствување на трети лица. За трети лица не се

сметаат осигуреникот, членовите на неговото семејно домаќинство, роднините до трето колено и наемници (кирации).

[2] Осигурувањето ја покрива штетата настаната на сите делови од **станбениот објект** освен:
1) на стаклата на прозорците и вратите;
2) на санитариите;
3) на сите видови реклами, уметнички изработки и релјефи на надворешната страна на објектот;
4) на лифтовите.

[3] Осигурувањето ја покрива и штетата настаната на сите **предмети во домаќинството** освен:
1) на светилките, рефлекторите и сијалиците;
2) неонските цевки и нивниот механизам.

[4] Осигурувањето не ја покрива штетата што ќе настане:
1) поради осмадување од цигари, пура, кибрит и сл.;
2) на живите огради;
3) како последица на удар од сопствено или непознато моторно возило.

[5] Осигуреникот учествува во секоја штета со франшиза од 10 % од штетата, а најмалку во износ од 100 ЕУР во денарска противвредност.

[6] Исплатата на штетите од осигурување на вандализам во текот на осигурителната година е ограничена со лимитот на покритие на предметите во домаќинството.

[7] Во случај на настан на штета осигуреникот мора:
1) да повика полиција и да ги пријави оштетените или уништените предмети и даде информации до колку му е познат предизвикувачот на штетата.
2) да го информира осигурувачот веднаш, а најкасно во рок од 3 дена по настанувањето на штетата и да му ги даде сите информации и докази кои се потребни за определување на причината, обемот и висината на штетата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД КРШЕЊЕ НА СТАКЛО

### Член 23

[1] Осигурувачот е во обврска да исплати надоместок во случај на штети настанати со уништување или оштетување на прозорските стакла и стаклата на вратите во станот, поради било која опасност на која се изложени, до износ од 300 ЕУР во денарска противвредност по штетен настан.

[2] Ако е склучено осигурувањето по Платинум пакет, осигурувањето ја покрива и штетата од уништување или оштетување на стакла од застаклени балкони, плексиглас, стаклата на туш кабини, стаклени маси, огледала и витрини од стакло како и уништување и оштетување на санитарии (ВЦ шолји и умивалници), поради било која опасност на која се изложени, до износ од 500 ЕУР во денарска противвредност по штетен настан.

[3] Осигурувачот ги надоместува и трошоците за симнување и за повторно местење на стаклата и санитариите, како и на предметите кои пречат при поставувањето на нови стакла (на пример, заштитни решетки, засолништа од сонце и сл.). Исплатениот надомест за штетата на

стаклото/санитариите и трошоците не смее да ја надмине сумата на осигурување назначена во став 1 и став 2 на овој член.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ЗЕМЈОТРЕС

### Член 24

[1] Земјотрес, во смисла на овие Услови за осигурување, се смета ненадејно движење, поместување и тресење на тлото (земјиштето) предизвикано исклучиво од природните процеси на тектонски движења и поместувања во земјината кора, кое резултира со оштетување или уништување на осигурените предмети и истото е забележано според меѓународната скала за мерење на макросеизмички настани.
[2] Под еден штетен настан се подразбираат сите движења и поместувања на тлото кои се манифестирале во рамките на 72 часовен интервал од моментот на првото регистрирање на земјотресот.
[3] Со осигурувањето, кога ќе се оствари осигурен случај, се покриени штетите од уништување или оштетување на осигурените предмети, кои се настанати непосредно од земјотресот или се индиректна последица на земјотресот.
[4] Осигурувачот е во обврска да исплати надоместок на штета само ако се докаже дека земјотресот, на местото каде се наоѓаат осигурените предмети, имал интензитет од најмалку 5 степени според Mercalli-Cancani-Sieberg-овата скала (MCS).
[5] Според овие Услови на осигурување исклучени се штетите:

1) настанати како последица на земјотрес со интензитет помал од 5 степени според EMSCMCS скалата;
2) настанати од движења, поместувања и тресења на тлото предизвикани од дејноста која ја обавува осигуреникот или некое трето лице и експлозии на класични или нуклеарни направи;
3) настанати од движења, поместувања и тресења на тлото предизвикани во рудници;
4) настанати од движења, поместувања и тресења на тлото предизвикани од дејството на нуклеарна енергија и радиоактивна контаминација;
5) настанати со загадување на предмети предизвикано од истекување на отровни и опасни материи како и трошоците за расчистување на загадувањето;
6) настанати на фрески, мозаици и друг украсни елементи на ѕидови и фасади;
7) настанати како последица на недоволно одржување на објектите.

[6] Ако не е поинаку договорено, осигуреникот учествува во секоја штета со одбитна франшиза во висина која е наведена во полисата за осигурување. Франшизата се пресметува како процент од сумата на осигурување од секој поединечен градежен објект, односно од лимитот на покритие на осигурените предмети во домаќинството.
[7] Осигуреникот е должен, без задоцнување и одлагање, да ја пријави кај осигурувачот настанатата штета и на барање на осигурувачот да достави податоци од Сеизмолошкиот завод за земјотресот кој бил причина за настанување на пријавената штета.

## НУЖНИ ТРОШОЦИ

### Член 25

[1] Во случај на настан на штета од такво оштетување или уништување на осигураниот станбен објект, поради кое не е возможно живеење во него, осигурувачот е во обврска да ги исплати трошоците за нужно сместување на осигуреникот и членовите на неговото семејно домаќинство. Тие трошоци претставуваат издатоци за наем на соодветен стан за период додека оштетениот или уништениот стан не се обнови до тој степен да може во него да се живее, но најмногу во период до 6 месеци, односно до износ од 1.500 ЕУР во денарска противвредност.
[2] Ако е склучено осигурување според Платинум пакет, осигурувањето ги покрива и трошоците за:

1) принудна селидба на неоштетените предмети неопходни за живеење од оштетениот стан на осигуреникот до местото за нужно сместување;
2) трошоците за повторно изработување на оштетените или уништените лични документи на осигуреникот и на членовите на неговото семејно домаќинство (лична карта, пасош, возачка

дозвола и сообраќајна дозвола), поради ризиците назначени во член 2 на овие Услови, до износ од 250 ЕУР во денарска противвредност по штетен настан;

3) за промена на брава и изработка на нови клучеви, во случај на изгубени или заклучени клучеви, до износ од 150 ЕУР во денарска противвредност по штетен настан.

## СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 26

[1] Доколку во поединечен член на овие Услови не е поинаку дефинирано, сумата на осигурување се утврдува на следниов начин:

1) за градежниот објект како градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба, според цените во местото каде што се наоѓа;
2) за предметите во домаќинството, како избран лимит на покритие кој не смее да биде помал од 30 %, ниту поголем од 100 % од сумата на осигурување на градежниот објект. За повисок лимит на покритие од 100 % од сумата на осигурување на градежниот објект, потребно е одобрување од овластено лице на осигурувачот.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИТЕ ПРЕДМЕТИ

### Член 27

[1] Според овие Услови вредност на осигурените предмети е:

1) **за градежниот објект:**

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран до 20 % или до 40 години старост на објектот :**

- градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба, според цените во местото каде што се наоѓа, без одбивање на амортизација, независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето.

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран повеќе од 20 % или постар објект од 40 години :**

- градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа, намалена за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација), независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето.

**Вредноста на амортизација се одредува согласно табелата.**

| | **Старост на објекти со животна доба од 100 години** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **40** | **45** | **50** | **55** | **60** | **65** | **70** | **75** | **80** | **85** | **90** | **95** | **100** |
| **Преостанок на вредноста на објектот во %** | 80 | 77 | 74 | 70 | 66 | 62 | 58 | 54 | 50 | 45 | 40 | 35 | 30 |
| **Амортизирана вредност во %** | 20 | 23 | 26 | 30 | 34 | 38 | 42 | 46 | 50 | 55 | 60 | 65 | 70 |

2) **на предметите во домаќинството:**

а) за склучено осигурување по **основниот и стандардниот пакет** - нова набавна вредност на такви или слични предмети, намалена за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација);

б) за склучено осигурување **по платинум пакет**:

- за мебелот до старост од 8 години и за машините и апаратите до старост од 3 години, по нова набавна вредност на такви или слични предмети;
- за останатите предмети во домаќинството, како и за мебелот постар од 8 години и за машините и апаратите постари од 3 години, новата набавна вредност на такви или слични предмети, намалена за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација) .

## ПОЧЕТОК НА ДЕЈСТВО НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 28**

[1] Договорот за осигурување произведува свое дејство од истекот на дваесет и четвртиот час од денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето па се до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето.
[2] За членовите 10,12,13,15,17,18,21 и 23 договорот за осигурување произведува свое дејство од истекот на дваесет и четвртиот час од триесетиот ден од денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето па се до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето.
[3] Во случај на обнова на полиси, нема да се применува одредбата за каренца.

## НАДОМЕСТ НА ШТЕТИ

**Член 29**

[1] Со овие Услови осигурувачот е во обврска за исплата на штета поради:

1) потполно уништување или однесување на осигурените предмети **(тотална штета)** за:

а) **градежниот дел** на објектот - за сите пакети:

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран до 20 % или до 40 години старост на објектот:**

-градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа без одбивање на амортизација, намалена за износот на остатоци, независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето.

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран повеќе од 20 % или постар објект од 40 години:**

-градежната цена на нов објект од ист вид, големина и начин на градба според цените во местото каде што се наоѓа, намалена за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација) и за износот на остатоци, независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето.

Процентот на амортизација на градежниот објект, ќе се утврдува според табелата од член 27.

б) **предметите во домаќинството** - за склучено осигурување од основниот и стандардниот пакет:

-по нова набавна вредност на такви или сични предмети, намалена за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација);

за платинум пакет:

-по нова набавна вредност на такви или слични предмети за мебелот до старост од 8 години и за машините и апаратите до старост од 3 години. За останатите предмети во домаќинството, како и за мебелот постар од 8 години и за машините и апаратите постари од 3 години, новата набавна вредност на такви или слични предмети се намалува за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација).

Процентот на амортизација за предметите во домаќинството, за кои постои доказ за датумот на набавка, ќе се утврдува според законски одредени стапки. Независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето, ако за осигурените предмети кои се потполно уништени осигуреникот не може да ја докаже нивната година на набавка, ниту нивната идентификација, осигурувачот е во обврска да надомести штета најмногу до 50 % од набавната вредност на новите предмети исти по вид и квалитет како уништените, но најмногу до осигурената сума.

2) оштетување на осигурените предмети **(делумна штета),** независно од тоа по кој пакет е склучено осигурувањето:

а) **за градежниот објект:**

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран до 20 %:**

-по трошоците за поправка и потребниот материјал без одбивање на амортизација.

**Ако е во моментот на склучување на осигурувањето амортизиран повеќе од 20 %:**
- по трошоците за поправка и потребниот материјал, намалени за изгубената вредност поради истрошеност и стареење (амортизација).

б) **за предметите во домаќинството:**
-според трошоците за поправка и потребниот материјал, без одбивање на амортизација.

[2] Независно од начинот на исплата на штетата, исплатениот износ не може да ја надмине сумата на осигурување на станбениот објект, односно лимитот на покритие на предметите во домаќинството што се наведени на полисата за осигурување.
[3] Осигурувањето според овие услови ја покрива само имотната штета што настанала на осигурените предмети и не ги покрива штетите кои се последица на настанатата имотна штета (на пример: загубена кирија, намалување на вредноста на предметите, трошоци за вода поради излевање на вода,изгубена заработка и сл.).
[4] Осигурувањето е склучено без учество во штета - франшиза, доколку поинаку не е договорено.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 30**

[1] Осигурувањето по овие Услови може да се склучи за станбени објекти кои се наоѓаат на територија на Р. С. Македонија и важи за местото наведено во полисата за осигурување.

## ПРОМЕНА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 31**

[1] Осигуреникот е должен да го извести осигурувачот за: промена на адресата на живеење, односно седиштето, промена на своето име или презиме, односно називот на фирмата, промена на трансакциска сметка, промена на телефонски број за контакт, во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.
[2] Доколку осигуреникот ги променил личните податоци наведени во точка 1 од оваа одредба, а за тоа не го известил осигурувачот, осигурувачот известувањето кое мора да му го соопшти на осигуреникот ќе го испрати на адресата на неговото последно живеалиште или седиште или ќе го адресира на последното познато име и презиме, односно назив на фирма.
[3] Во случај кога обидот да се достави препорачаната пратка до осигуреникот нема да биде успешен (поради преселување или одбивање да се прими), осигурувачот вратената пратка ќе ја смета како уредно доставена и ќе ја депонира во своето седиште. Осигуреникот се согласува дека вратените недоставени пратки се сметаат за примени од денот на првиот обид за доставување и дека е запознат со содржината на пратката.

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Член 32:**
**Информации во врска со обработка на лични податоци**

[1] Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци: Контролор: Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Седиште во Скопје на ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, e-mail: info@halkinsurance.com.mk, Офицер за заштита на личните податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. Дополнителни податоци за офицерот за заштита на личните податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото www.halkinsurance.com.mk.

**Член 33**
**Обработка и заштита на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи,

применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, а Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи согласно основните начела за обработка на лични податоци дефинирани во Законот за заштита на личните податоци.

**Член 33-а**
**Правен основ за обработката на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси), врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.
[2] Личните податоци се неопходни за обработка од страна Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од договорот за осигурување, односно обработката на истите претставува основа за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

**Член 33-б**
**Цели за обработката на личните податоци**

[1] Личните податоци (телефонски број и електронска адреса – e-mail), Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на права и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување (полиси). Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.
[2] Со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, оценување на осигурително покритие и степен на оштета Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува и копии од документи во кои се содржани и лични податоци.
[3] Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на овие податоци може да има за последица несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање. [4] Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.2, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkinsurance.com.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици наведени во став 3 од овој член.

**Член 33-в**
**Рокови на чување на лични податоци**

[1] Личните податоци, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
[2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

**Член 33-г**
**Права на субјектите на личните податоци**

[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци.
[2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите наведени во член 35-б, од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 33-д**
**Пренос на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје може да изврши пренос на лични податоци во земји членки на Европската Унија, земји членки на Европскиот економски простор и трети земји. За вршење на преносот на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простори се известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а преносот на лични податоци во трети земји се врши по претходно добиено одобрени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2 со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkisnurance.com.mk.

**Член 33-ѓ**
**Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

[1] Личните податоци за цели на директен маркетинг, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на експлицитна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг за своите услуги.
[2] Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: dpo@halkinsurance.com.mk, или по пошта до Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, 1000 Скопје, со назнака “До Офицерот за заштита на лични податоци”).

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 34**

На осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти, доколку не се во спротивност со овие Посебни Услови.

## НАДЗОР НАД ДРУШТВОТО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**член 35**

[1] Орган надлежен за надзор на осигурителното друштво е Агенцијата за супервизија на осигурување.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 36**

**Постапка по приговори**

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

**Постапка по жалба**

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

**Решавање на спорови**

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Одлука на Надзорниот Одбор на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје бр. 0203-04/12 од 03.03.2023 и ќе се применуваат од 03.03.2023 година.